# ЈАВНА ДЕБАТА:

# ВО ПРЕСРЕТ НА НОВАТА МЕДИУМСКА РЕГУЛАЦИЈА

Говор на претседателот на СРД, г. Зоран Трајчевски

Почитувани претставници на медиумите, драги колеги, почитувани гости,

Се наоѓаме во вителот на општествената дебата во земјава за почитувањето на правото за слобода на говорот и со него тесно поврзаната слобода на медиумите. Ме радува фактот што конечно во нашата земја започнавме да разговараме за вистинската улога на медиумите како еден од носечките столбови во демократските општества.

Претпоставувам дека ќе се согласите со мене дека за првпат од донесувањето на актуелниот закон за радиодифузната дејност пред 7 години, на прво место се поставуваат горливите прашања, што долги години наназад никој немаше храброст да ги отвори, а тоа се медиумската концентрација и сопственичката структура на медиумите.

Еднаквиот третман кон сите радиодифуери за првпат е ставен во преден план. На овој начин градиме регулациска пракса за основање на фер услови за работа на медиумскиот пазар, за сите вие радиодифузери да можете да ги развивате ваште медиумски компании, без разлика дали сте од оние условно речено „малите“ или локалните радиодифузери или пак од „оние главните и големите“. Нам како регулаторно тело ни е важно на сите вас да ви создадеме еднакви и недискриминаторски услови за работа преку доследна и неселективна примена на законите без разлика на колкаво географско подрачје оперирате на кој јазик од етничките заедници информирате. Сите вие придонесувате кон македонскиот плуралистички амбиент и сте еднакви пред законите.

Денеска ќе разговараме, дебатираме и ќе разменуваме искуства за сегашната и идната регулација. Основната цел и мисија на законската рамка е да создаде квалитетен медиумски плурализам – ова е и нашата цел како регулаторно тело. Кога сите вие сте ги добиле дозволите за вршење радиодифузна дејност, целата нација ви ја дала довербата да ја информирате согласно нејзините потреби за информирање, преточени во програмските формати, техничките услови за работа, критериумите за квалитет. Објективно и независно информирање, гарантирање на правото на граѓанинот да слушне повеќе ставови за горливите општествени прашања – токму ова е задачата на медиумската регулатива. Дозволата за вршење радиодифузна дејност не треба да се сфаќа здраво за готово – тоа е земена сериозна обврска пред македонската јавност.

Ние како регулаторно тело ја имаме задачата да ви создаваме услови за работа, да ви укажуваме, да ве едуцираме, да ве поддржуваме... мора сите нам да ни е јасно дека владеењето на правото и неговата неселективна имплементација е одлика на просперитетниот свет.

Културата на дијалог е исто така одлика на демократските општества и затоа се собравме денеска овде, ние како ваши домаќини и вие како наши партнери на медиумскиот пазар заеднички да продискутираме за тоа каква медиумска регулација ни треба во иднина од аспект на воведувањето на новите технологии. Дозволете ми да посочам дека новите технологии, новите начини на дистрибуција на аудио-визуелните содржини се можност за раст и прогрес на вашите медиумски бизниси. Не можеме да очекуваме медиуми, коишто немаат стабилно финансирање, кои преживуваат од една изборна кампања до друга, квалитативно да придонесуваат кон збогатување на медиумскиот плурализам. Тоа е само привид. На нашата земја и' треба квалитетен медиумски форум за размена на идеи и ставови, а не медиуми кои се придружни бизниси и квази рекламни компании на главните бизниси на медиумските газди.

Демократизацијата е процес, тоа е еволуција.

Ние како регулаторно тело ја имаме нашата цел пред себе, а тоа е демократски и плуралистички медиумски амбиент. Ви ветувам дека, додека трае мојот мандат како претседател и член на СРД, ќе иницирам отворање на сите проблематични теми, не смее да постојат табуа! Секогаш постои простор за цивилизирана дебата. Ние ви стоиме на располагање во секое време.

Уште еднаш ви благодарам што дојдовте и посакувам да имаме плодни и квалитетни дискусии.